**Известување за концентрација со која Ламиум Трејд Лимитед (Lamium Trade Limited), Лимасол Кипар и АЛФИ Рињуаблс управљање складов, д.о.о. (ALFI Renewables upravljanje skladov, d.o.o.), Љубљана, Словенија (Verovškova ulica 55A, Ljubljana, Slovenia)** ***имаат намера да стекнат директна контрола врз*** **Ивиком Енерџи, д.о.о. Жагубица (Ivicom Energy, d.o.o. Žagubica), Србија (предмет бр. 08-37/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.02.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Ламиум Трејд Лимитед (Lamium Trade Limited), друштво организирано во согласност со законите на Кипар, со седиште во Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3103 Лимасол (Griva Digeni, 115, TRIDENT CENTRE, 3103 Limassol) и АЛФИ Рињуаблс управљање складов, д.о.о. (ALFI Renewables upravljanje skladov, d.o.o.), друштво организирано во согласност со законите на Словенија, со седиште во Веровшкова улица 55А, Љубљана, Словенија (Verovškova ulica 55A, Ljubljana, Slovenia) *имаат намера да стекнат директна контрола врз* Ивиком Енерџи, д.о.о. Жагубица (Ivicom Energy, d.o.o. Žagubica), друштво организирано во согласност со законите на Србија, со седиште во Југ Богданова 2, Србија (Jug Bogdanova 2, Serbia).

**Ламиум Трејд Лимитед** е холдинг компанија која поседува неколку друштва во регионот кои се активни на пазарот за производство на електрична енергија.

**АЛФИ Рињуаблс** е активно во управување со алтернативни инвестициски фондови.

**АЛФИ Рињуаблс** нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија. Сепак, неговата корпоративна група има едно зависно друштво во мнозинска сопственост - Друштво за услуги ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје („**ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје**"), со регистрирана адреса на Христо Татарчев 121-г, Кисела Вода, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6122710, чија регистрирана дејност е 82.91 – Дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии.

**Ивиком Жагубица** е активно во истражување на потенцијал на ветерот и развој на проекти за фарми на ветерници.

За целите на Известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар за производство на електрична енергија или пазар на производство на електрична енергија и големопродажба на електрична енергија од сопствено производство, а географскиот опсег на пазарот е национален, но дефиницијата на релевантниот пазар може да се остави отворена бидејќи предметната концентрација не предизвикува никакви загрижености во однос на конкуренцијата според која било можна дефиниција на пазарот

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.02.2022 година
Скопје